ВМРО-ДПМНЕ
(ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство)
Бр. 02-733/1
24.11 2021 год.
СКОПЈЕ

Имајќи предвид дека развојот на демократијата зависи од вербата на граѓаните во политичарите кои се избрани да им служат,

Знаејќи дека политичките партии се институции од витално значење за демократијата,

Сметајќи дека политичарите треба да исполнуваат високи стандарди на однесувањесо што ќе бидат пример за однесување во општеството,

И определбата на ВМРО-ДПМНЕ да игра значајна улога во борбата против корупцијата и судирот на интереси, со цел зацврстување на интегритетот на личноста на сите свои избрани и именувани партиски и државни функционери,

Врз основа на член 38 од Статутот на ВМРО-ДПМНЕ, Централниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ го донесува овој

# КОДЕКС ЗА ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

## ОПШТИ ПРИНЦИПИ

### Член 1

Целта на Кодексот за етичко однесување е да воспостави јасни и високи стандарди на етичко однесување на членовите на ВМРО-ДПМНЕ кои се кандидати за носители и носители на јавни функции (пратеник, градоначалник, член на Совет на Град Скопје, член на Совет на единиците на локалната самуправа), на начин што јавноста ќе има доверба дека нивното однесување секогаш ќе биде во полза на јавното добро.

Сите носители на јавни функции предложени од ВМРО-ДПМНЕ ќе постапуваат почитувајќи ги принципите на независност, непристрасност, интегритет, транспарентност, достоинство и почитување на различностите.

Општи принципи и вредности на постапувањето се:

- При своето делување да го имаат предвид општественотодобро и да делуваат во служба на граѓаните заради остварување на јавниот интерес;
- Мора да бидат независни и неподложни на корупција;
- Треба да се водат од принципите на стручност, совесност, чесност и одговорност во извршувањето на својата функција;
- Носителите на јавнифункции мора да исполнуваат повисоки морални стандарди од граѓаните;
- Мораат да ги почитуваат демократските принципи и владеењето на правото;
- Мораат да ги земаат предвид и проценат спротивставените интереси;
- Мораат да размислуваат трезвено, непотпаѓајќи под екстремистички или популистички тенденции;
- Секогаш да се свесни дека се избрани за да ѝ служат на заедницата, обезбедувајќи еднаков третман кон сите граѓани и правни лица во остварувањето на нивните права;
- Треба да се подготвени да донесуваат непопуларни одлуки ако тие се во интерес на заедницата; треба да се способни да носат долгорочни одлуки за напредок на демократијата;

- Компромисот и консензусот се многу важен дел од политиката, додека личните напади на противниците не се, и затоа не треба да им се остави простор во политичкиот дискурс.
- Треба да постапуваат одговорно и да вршат совесна контрола на сите средства и ресурси кои се употребуваат или им се доверени

## НЕПРИСТРАСНОСТ И ИЗБЕГНУВАЊЕ НА КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕСИ

**Член 2**

Секогаш треба да постои јасна разлика помеѓу партиската и јавната должност.

Државните ресурсине смее да се трошат за потребите на извршување на партиските должности и за приватни цели. Државните ресурси треба да се користат на најекономичен начин.

Оние кои извршуваат јавна функција ги извршуваат обврските кои им се дадени во јавен интерес и со непристрасност, и треба дасе воздржуваат од добивање или барање директна или индиректна корист или наградa во согласност со законите.

Политичките одлуки на сите нивоа се носат врз база на политичките убедувања. Тие не смеат да бидат под влијание на подароци или против-услуги. Важно е да се избегнува конфликт на интереси кој може да произлезе од финансиски или нефинансиски подароци или поволности.

Секое избрано и именувано лице треба да го почитува принципот на правичност при носење на дискрециони одлуки.

Оние кои се носители на јавна функција треба да се фокусираат исклучиво на постигнување на заедничкото добро. Позицијата на која се избрани, никогаш не смее да служи за приватни цели.

Да се избегнува секаков вид на неетички говор, настап или неетичко однесување.

## ИНТЕГРИТЕТ

**Член 3**

Носителите на јавни функции ќе ги извршуваат должностите кои им се дадени во јавен интерес и со интегритет, без да бараат, прифаќаат или примаат директна или индиректна корист или награда во замена за какво било специфично однесување во делокругот на нивната работа и свесно ќе избегнуваат каква било ситуација што може да значи поткуп, корупција или недозволено влијание.

Носителите на јавни функциикe се водат од начелата на транспарентност и отчетност во своето работење, во согласност со позитивните законски прописи. Тие на јасен, недвосмислен, директен и самоиницијативен начин ќе даваат информации за своето работење и ќе бидат респонзивни при прашања од заинтересирани страни.

Секој функционер на кого му е доверено вршење на некоја јавна функција лично е одговорен за сопственото работење и правилното и законско работење.

**Член 4**

Со потпишувањето на Изјава за прифаќање на Кодексот за етичко однесување, носителите на јавни функции ги прифаќаат и се согласуваат да ги почитуваат одредбите од овој Кодекс за етичко однесување, како и одговорноста да ја оправдаат и зголемат довербата на јавноста во интегритетот на политичкиот процес.

Носителите на јавни функциисе согласуваат да учествуваат на тренинзи и обуки за подобрување на имплементацијата на овој Кодекс за етичко однесување, според претходноутврден план и програма, како и да работат на воспоставување на повисоки етички и морални практики во своето работење.

За следење на работата на Кодексот за етичко однесување е одговорен Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ.

За кршењето на одредбите од Кодексот за етичко однесување, покрај одговорноста која произлегува од законите, носителите на јавни функции сносат одговорност пред телата и органите на ВМРО-ДПМНЕ, во смисла на член 22, точка 7од Статутот на ВМРО-ДПМНЕ.

**Претседател на ВМРО-ДПМНЕ**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**